# ОД АКТИВНОСТИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА СОЦИОЛОЗИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во периодот од излегувањето на претходниот број до излегувањето на најновиот број на *Социолошка ревија,* вниманието на Здружението на социолози на Република Македонија беше насочено кон реализација на програмските активности усвоени од Управниот одбор, избран во 2004 година, и кон подготовка на Годишното изборно собрание кое се одржа на 7 октомври 2006 година.

Во контекст на претходно усвоените програмски насоки, во 2006 год. ЗСМ ја организираше својата најредовна активност – средношколските државни натпревари по социологија и граѓанско образование. Деветите по ред државни социолошки натревари се одржаа во Битола, во организација на СОЗУ „Кузман Шапкарев“. Домаќинот на натпреварите, колешката Лиле Милинг, ги обезбеди неопходните услови за одвивање на натпреварот. На натпреварите учествуваа 60 ученици. Благодарение на добрата подготвеност на учесниците и на новите пропозиции на натпреварите, во сите четири натпревари (по Социологија за I, II, III и IV година, и по Граѓанско образование) беа доделени вкупно осумнаесет награди за освоено прво, второ и трето место. Во името на натправарувачите – ученици и наставници – ЗСМ им изразува благодарност на колешката Лиле Милин, на директорот на училиштетото и на неколкуте наставници од истото училиште кои помогнаа во организацијата на натпреварите.

Со оглед на тоа што во 2006 год. истекуваше мандатот на дотогашниот Претседател и на Управниот одбор на ЗСМ, на 7 октомври 2006 година се одржа редовното годишно изборно собрание на ЗСМ. Дотогашниот претседател на ЗСМ, проф. д-р Ило Трајковски, поднесе изештај за работата и извештај за финансиското работење на Управниот одбор на ЗСМ во минатиот мандатен период. Собранието без забелешки ги усвои двата извештаи и изрази задоволство од работата на претседателот и на Управиот одбор.

Во продолжение на Собранието беше избран, односно реизбран, претседателот на ЗСМ – Проф. д-р Ило Трајковски и избран нов Управен одбор во состав: проф. д-р Хасан Јашари, Весна Божи-

новска, Јане Крстевски, Виолета Димитрииева и Марија Дракуловска-Чукалевска.

Како дел од дневниот ред на Собранието, во својство на гостин на ЗСМ, г-ѓа Бојана Нацева од Бирото за развој на образованието зборуваше за воведувањето на Државната матура и за местото на социологијата во тој процес. Оваа тема предизвика голем интерес и бурна дискусија.

На Собранието се искажаа неколку иницијативи во врска со начинот на дејствување на ЗСМ во насока на покривање на релевантни општествени теми и професионални прашања. Со цел да ја канализира енергијата и подготвеноста за дејствување, која дојде до израз на Собранието, новиот управен одбор на првиот состанок (11. 11.2006 год.) ги постави и ги обработи следниве пет точки: избор на потпретседател на ЗСМ (Виолета Димитриева); Определување на членови на Стручното тело на ЗСМ (проф. д-р Јован Корубин, проф. д-р Ѓорѓе Младеновски, проф. д-р Јонуз Збдулаи и проф. д-р Славко Сасајковски); избор на главен и одговорен уредник на списанието *Социолошка ревија* (проф. д-р Милева Ѓуровска); определување на реонски координатори со цел да се зајакне членството на ЗСМ (за Скопје: Весна Божиновска; за Куманово: Светлана Алексовска и Ибиш Кадриу; за Тетово и Гостивар: Светлана Врапска; за Охрид и Струга: Башким Башкими; за Битола и Прилеп: Златко Жоглев; за Кавадарци, Валандово и Неготино, остана да се назначи за Струмица и Радовиш; Ѓорѓи Трајков; за Штип, Кочани, Виница, Берово и Делчево: Дејан Доневски); Комисија за награда на ЗСМ (претседател: проф. д-р Петре Георгиевски, членови: проф. д-р Славко Милосавлевски, проф. д-р Ѓорѓе Младеновски, проф. д-р Јонуз Абдулаи, проф. д-р Андрија Антоновска-Китановска); Комисија за религија и образование (претседател: проф. д-р Зоран Матевски, членови: проф. д-р Хасан Јашари и Гоце Величковски); Комисија за социолошки натпревари (претседател: Гордана Трајкова-Костова, членови: Марија Дракулевска-Чукалевска); Комисија за социологија и граѓанска култура во основните и средните училишта (претседател: Розе Перушевска, членови: Гордана Трајкова Костова, проф. д-р Зоран Матевски и Дејан Доневски); Комисија за издачка дејност (претседател: проф. д-р Милева Ѓуровска, членови: Софче Неовска и Борис Стипцаров); Комисија за студенти (претседател: Владимир Додев, членови: Виктор Герасимовски и Александра Кузмановска).

Управниот одбор оценува дека активирањето на овие комисии ќе даде нов квалитет во дејствувањето на ЗСМ. Во таа насока, прва со активност се појави Комисијата за религија и образование. На предлог на оваа Комисија, ЗСМ на 23 декември 2006 година, на Филозофскиот факултет, организираше трибина на тема *Религиското*

*образование во јавните училишта во Република Македонија.* Вод тел на трибината беше проф. д-р Ило Трајковски, а уводнича проф. д-р Зоран Матевски и проф. д-р Али Пајазити. Имајќи предвид интересот што го предизвика оваа трибина кај членство на ЗСМ и во поширокатa јавност во Македонија, Комисијата Управниот одбор подготвуваат поширока расправа на истата тем Расправата ќе се одржи во почетокот на јули. На расправата ќе б дат поканети и релевантни чинители од државава и гости од стра ство.

Со цел да ја подобри положбата на ЗСМ во Интернационалн та социолошка асоцијација (ИСА), претседателот на ЗСМ, со с гласност од раководителот на Институтот за социологија, обезбе поддршка од страна на деканот на Филозофски факултет за плаќан на заостанатата членарина во ИСА.

Претседател на ЗСМ
*Проф. д-р Ило Трајковск*